20252444745

МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Врз основа на член 107-е став (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24,75/25 и 154/25), министерот за социјална политика, демографија и млади, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОСИГУРЕНИКОТ КОЈ БИЛ ВО РАБОТЕН ОДНОС, ОДНОСНО НА РАБОТА ВРЗ ОСНОВА НА КОЈА БИЛ ПРИЈАВЕН ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ, А ОД СТРАНА НА ОБВРЗНИКОТ ЗА ПРЕСМЕТКА И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС НЕ Е ПЛАТЕН ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување од осигуреник кој бил во работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонес не е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник, се поднесува на образец БПП/ПИО/1 -Барање за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Барањето од став 1 на овој член се печати на хартија во бела боја со А-4 формат.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување од осигуреник кој бил во работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонес не е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.67/20).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 09-7836/3
1 декември 2025 година
Скопје

Министер за социјална политика
демографија и млади,
Фатмир Лимани, с.р.

Фонд за пензиското и инвалидското осигурување
на Северна Македонија

Прилог
Образец БПП/ПИО/1

Филијала/Деловница

Б А Р А Њ Е
за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување

1.Податоци за подносителот на барањето
1.1.Име и презиме на осигуреникот
1.2.МБГ на осигуреник
1.3. Адреса на седиште/живеалиште Улица ..... број..... Општина .....место..... Телефон ..... Е-маил.....

2.1 Податоци за обврзникот на кај којшто бил пријавен во задолжително социјално осигурување
Назив и седиште на обврзникот:
ЕМБС или ЕДБ на обврзник или регистерски број на обврзник ....
3.Податоци за периодот на неплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување Од .....до.....година Од .....до.....година Од.....до.....година
Датум на поднесување Потпис на подносител **М.П.**